**Национална Установа**
**Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Штип**

# П Р А В И Л Н И К

## за заштита од пожари и експлозии

Врз основа на член 75 став 2 од Законот за Заштита и спасување ( "Сл. Весник на РМ„" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 ,18/11 и 93/12 ) Директорот на НУ ЗЗСК и Музеј Штип донесе :

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Овај Правилник се донесува со цел заштита на имотот, вработените и другите присутни лица од пожари и експлозии во НУ ЗЗСК и Музеј Штип

**Член 2**

Организирањето и спроведувањето на заштитата од пожари и експлозии се врши врз основа на Законот за заштита и спасување ( " Сл. Весник на РМ" бр..36/04,49/04,86/08,124/10,18/011 и 93/12), Законот за пожарникарството ("Сл. Весник на РМ " бр 67/04, 81/07 и 55/13),член 23 од Законот за складирање од Запални течности и гасови (" Сл. Весник на СРМ" бр 15/76, 51/88, 19/90 , и Сл Весник на РМ. бр. 12/93, 66/07, и 130/08") и подзаконските акти (правилници, технички прописи и уредби )донесени врз основа на овие Закони и други Закони и подзаконски акти кои ја регулираат проблематиката од областа на заштитата и спасувањето од пожари и експлозии и одредбите од овај Правилник.

**Член 3**

Согласно член 68 од Законот за заштита и спасување ( " Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10,18/11 и 93/12), заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер .

**Член 4**

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки и активности.

**Член 5**

Превентивни мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање, изградба и користење на објектите.

**Член 6**

Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и

давање на помош при одстранување на последиците предизвикани од пожари и експлозии.

**Член 7**

**Со овај Правилник за заштита од пожари и есплозии се регулираат:**

- Мерките за заштита од пожари и експлозии со кои што се одстрануваат, и се намалуваат опасностите од пожар и експлозија.
- Начин на запознавање на вработените со опасностите од пожари и експлозии поврзани со соодветното работно место, при стапување на работа или при распоредување од едно на друго работно место.
- Начин на обучување на вработените за учество во гаснење на пожари, ракување со уреди, техничка опрема и сретства за гаснење на пожари
- Распоред и време на испитување на уредите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожари.
- Должности и одговорности на одговорното лице во друштвото во врска со заштитата од пожари и експлозии.
- Должности и одговорности на раководните лица и другите вработени во друштвото во врска со заштитата од пожари и експлозии.

## II. ОРГАНИЗАЦИОНА, ФУНКЦИОНАЛНА И ПРОСТОРНА ПОСТАВЕНОСТ НА НУ ЗЗСК и Музеј Штип

**Член 8**

НУ ЗЗСК и Музеј Штип е лоциран ,на ул. Маршал Тито бб, се наоѓа од десната страна од река Отиња(во близина на_црквата св.Никола.

Градежните објекти во НУ ЗЗСК и Музеј Штип , градени се од цврст материјал (тешко запалив), а со тоа можноста за брзо ширење на пожарот е минимална.
Работниот проце се одвива во една смена по потреба со продолжено работно време.

Бројот на присутни лица во објектот – административна зграда, но и другите објекти изнесува 32 лица.
Административната зграда ја сочинуваат .

1. Административната зграда е приземје и сутерен во која се смесетени канцеларии, постојана археолошка поставка и библиотека со архива,
2. објект – приземје + 1спрат со постојана поставка сутерен –депо , на спрат канцеларии),
3. објект - сместени се депоата за чување на музејски материјал ,приземје и спрат постојана историска поставка

Во состав на НУ ЗЗСК и Музеј Штип се и зградите

1. УГ Безистен е сместена на 250 м. од административната зграда, приземје од еден дел во кој е сместени една канцеларија ( со две грејни тела) Спомен куќата на Славчо Стојменски ена оддалеченост од 1200 метри од административната зграда

на НУ ЗЗСК и Музеј Штип приземје и спрат каде е сместена постојана поставка . Во дворното место се наоѓа канцаларија ( со грејно тело ).

2. Музеј на ВМРО ,подрум ,приземје и спрат во кој се наога помошна просторија ,тоалет ,подрумски простории ,и меѓуспрат и спрат во кои е поместена постојана поставка

## III.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ СО КОИ ШТО СЕ ОДСТРАНУВААТ И СЕ НАМАЛУВААТ ОПАСНОТИТЕ ОД ПОЖАР И ЕКСПЛОЗИЈА

**Член 9**

Превентивните мерки за заштита од пожари и експлозии се активности кои се превземаат со цел одстранување и намалување на причините за појава на пожари и експлозии преку активности од нормативан, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.
Превентивни мерки за заштита од пожари и експлозии кои што треба да се применуваат во текот на секојдневното работење на НУ ЗЗСК и Музеј Штип се:

**Член 10**

При изградба на нови објекти, како и на објекти на кои што се врши реконструкција и пренамена НУ ЗЗСК и Музеј Штип како инвеститор на проектната документација за изградба на објектите е должно да изготви посебен Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, а при изградбата и експлоатацијата на објектите да ги респектира и вгради проектираните решениа на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи.

**Член 11**

Согласно член 74 од Законот за заштита и спасување ( " Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 93/12), точка 11 од МКС Н. Б4. 801 за заштита на објектите од атмосверско празнење, одредбите од Правилникот за техничките нормативи за електрични инсталации со низок напон сите видови на инсталации, уреди и постројки ( електрични, громобрански, нафтоводни, гасоводни и сл.) треба да бидат изведувани квалитетно и на начин истите да не претставуваат опасност за предизвикување на пожар и експлозија и нивно редовно одржување во исправна и функционална состојба согласно со упатството на производителот, законските и технички прописи и правилата на техничката практика.

**Член 12**

Одржувањето, односно сервисирањето на сите видови инсталации, уреди и постројки ( електрични, громобрански, нафтоводни, гасоводни и сл.) да се доверува во надлежност на овластени стручни лица-правни субјекти овластени за вршење на таква дејност, а за исправоста на истите се прибавуваат веродостојни пишани документи Атести, Записници или Стручни извештаи кои ќе бидат презентирани пред органот на надзорот.

**Член 13**

Најстрого се забранува премостување (калемење) на оштетени патрони од електричните топливи осигурувачи ( доколки ги има ) во електричните разводни табли, односно замената на истите да се врши со оригинални и не калемени патрони со соодветна

ампеража која што ќе одговара на попречниот пресек на проводникот и снагата на потрошувачот.

**Член 14**

Сите електрични разводни табли да бидат прописно затворени и се оневозможи пристап до истите од страна на неповикани и неовластени лица и истите да бидат прописно означени со назнака за висок напон и натпис дали се работи за Главна или Помошна електрична разводна табла со означен прекинувач за исклучување на електричната енергија во случај на итност.

**Член 15**

Да не се врши складирање на предмети и материјали во непосредна близина на електричните разводни табли, а пристапните патишта до истите секогаш да бидат слободни за брз и непречен пристап до истите во случај на хитност.

**Член 16**

Грејните уреди на цврсто, течно и гасовито гориво или друг вид на енергија можат да се користат само ако се технички исправни и на начин истите да не претставуваат опасност за предизвикување на пожар или експлозија.

**Член 17**

На сите места каде што се складираат и користат запаливи течности и други пожарно опасни материи треба да бидат поставени знаци за предупредување- известување и забрана за пушење, работа со отворен оган и внесување на отворен оган, заварување, сечење и брусење, употреба и користење на загреани и прекумерно вжарени тела, алат кој што создава искри и сл. со кои што ќе се укаже и предупреди на опасноста од пожар и експлозија.

**Член 18**

Складирањето, преточувањето и употребата на запаливите течности и гасови да се врши согласно одредбите од Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови и одредбите од Техничките прописи за складирање и преточување на масло за ложење.

**Член 19**

Во административниот простор, соблекувалните и котловската единица хигиената од аспект на заштита од пожари да се одржува на потребното задоволително ниво.

**Член 20**

Заварување, сечење, брусење, лемење метали и други работи со топлина во административниот простор и котловската единица е забрането.

Работите од ставот 1 на овај член може да се извршуваат само по претходно издадено оддобрение за работа.

**Член 21**

Оддобрението за заварување, сечење, брусење, лемење метали и други работи со топлина во административниот простор котловската единица се издава по претходно изготвен План за заштита од пожар и експлозија со организирање на противпожарна стража.

**Член 22**

Планот за заштита од пожар и експлозија при вршење работи на заварување, сечење, брусење, лемење метали и други работи со топлина го подготвува изведувачот на работите.

**Член 23**

Стручно мислење за мерките предвидени со Планот за заштита од пожар и експлозија при вршење работи на заварување, сечење, брусење, лемење метали и други работи со топлина на барање на органот на управување на установата дава органот во чија надлежност е надзорот на мерката за заштита и спасување од пожари и експлозии.

**Член 24**

Во административниот простор и другите објекти во состав на НУ ЗЗСК и Музеј Штип не смее да има и да се создаваат извори од кои што може да настане пожар и експлозија.

**Член 25**

На комуникационите површини низ оoбјектот од НУ_ ЗЗСК и Музеј Штип и излезите-влезовите да не се врши складирање на предмети и материјали кои ќе го попречуваат нормалното движење на луѓето и намалување на нивната пропусна моќ.

**Член 26**

Скалдирањето на запаливите отпадни и други запаливи материи на отворен простор не смее да се врши на растојание помало од 6м од објектите на НУ ЗЗСК и Музеј Штип

**Член 27**

Отпадните и други запаливи материи од процесот на работењето навремено да се одстрануваат, односно складираат на посебно определени пожарно безбедни места, како истите не би претставувале опасност за непосредната околина при настанување на евентуален пожар.

**Член 28**

Во административниот простор и другите објекти кои ги користи НУ ЗЗСК и Музеј Штип, не смеат да се складираат лесно запаливи материи кои непотребно и дополнително ќе го зголемуваат пожарното оптоварување на просторот, покрај електричните разводни табли од електричната инсталација, уредите и опремата за заштита од пожари, патиштата за комуникација и евакуација и сл.

**Член 29**

Во сите простори од објектите на НУ ЗЗСК и Музеј Штип , каде што на видни и воочливи места е истакнат натпис ЗАБРАНЕТО ПУШЕЊЕ , забраната треба да се почитува од вработените лица и посетителите.

**Член 30**

Патиштата за евакуација и излезите секогаш треба да бидат проодни без никакви препреки, како би се овозможила брза и непречена принудна евакуација на вработените и останатите присутни лица во објектите од НУ ЗЗСК и Музеј Штип при појава на природна непогода или друга несреќа.

**Член 31**

Уредите, инсталациите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожар секогаш да бидат во исправна состојба, да бидат поставени на видни и секогаш достапни места за нивна употреба.

**Член 32**

Редовно и постојано одржување во исправна и функционална состојба на системот од нужни-панични светла како би се овозможила брза и непречена принудна евакуација на присутни лица од објектите на установата во услови на намалена видливост - ноќ, а кога објектот целосно се исклучува од напојување со електрична енергија.

**Член 33**

Сите излези, влезови, премини и противпожарни патеки во објектите од установата, како и пристапните патишта за противпожарните возила треба секогаш да бидат слободни, уредно одржувани и видно обележани.

**Член 34**

Секое вработено лице мора да биде запознато со спецификите на работното место и опасностите од појава на пожар или експлозија во текот на работењето и примената на превентивните мерки за заштита од пожар и експлозија.

**Член 35**

Секое вработено лице мора да биде запознато со Планот за евакуација во услови на појава на пожар или друга непогода, и истакнување на графичкиот прилог на истиот на видни места низ објектот од друштвото.

## IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР И ЕКСПЛОЗИЈА СО КОЈА СЕ ОДСТРАНУВААТ И СЕ НАМАЛУВААТ ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАР И ЕКСПЛОЗИЈА ПРИ СКЛАДИРАЊЕ И РАКУВАЊЕ СО ЗАПАЛИВИ ТЕЧНОСТИ

**Член 36**

Складирањето на запаливи течности и дејства сврзани со складирање на запаливи течности се врши под услови и на начин определени со Закон и техничките прописи и стандарди донесени врз основа на Закон.

**Член 37**

Складирањето и дејства сврзани со складирање на запаливи течности може да се врши во објекти и на простор за кој што е издадено оддобрение од надлежни државни органи и служби.

**Член 38**

Под складирање на запаливи течности се подразбира секое трајно или привремено чување на запаливи течности во објекти и на отворен простор, без разлика на зафатнината и видот на садовите и резервоарите во кои што се чуваат - складираат.

**Член 39**

Под дејства сврзани со складирање на запаливи течности се подразбира: внатрешниот транспорт, пренесувањето, манипулациите при сместувањето и испраќањето во

складишните и други простори, дистрибуцијата со помош на цевководи, преточување и други дејства сврзани со запаливи течности.

**Член 40**

Работите на складирање и дејства сврзани со складирање на запаливи течности во резервоарот од установата може да вршат лица кои се стручно оспособени за такви работи преку соодветни стручни училишта или преку други форми на стручно оспособување ( курс, семинар и сл.)

**Член 41**

Садовите и резервоарот во установата во кои се држат запаливи течности мора да одговараат на техничките услови и стандарди пропишани за соодветниот вид на запалива течност.

**Член 42**

Инсталациите, уредите и постројките за запаливи течности во објектот од установата треба да се изведуваат така што истите да не претставуваат опасност за настанување на пожар и експозија.

За правилно изведување на инсталациите од ставот 1 на овај член одговорни се инвеститорите и изведувачите.

**Член 43**

Инсталациите уредите и постројките во објектот од установата мора редовно да се одржуваат во исправна состојба.

Одржувањето на уредите, инстлациите и постројките се врши според техничките прописи и стандарди и според правилата на техничката практика.

**Член 44**

Одржувањето на уредите, инсталациите и постројките за запаливи тчности во објектот од установата може да го вршат само правни субјекти кои што имаат овластување за вршење на таква дејност со свои овластени стручни лица.

**Член 45**

Заварување, сечење, брусење, лемење метали, и други работи со топлина на резервоарот за складирање на запаливи течности во објектите од установата и во неговите зони на опасност е забрането.

Работите од ставот 1 на овај член може да се извршуваат само по претходно идадено оддобрение за работа.

**Член 46**

Одобрение за заварување, брусење, лемење метали и други работа со топлина на резервоарот во објектите од установата за складирање на запаливи течности и во неговите зони на опасност од пожар и експлозија се изведува по претходно подготвен План за заштита од пожар и експлозија.

**Член 47**

Планот за заштита од пожар и експлозија за вршење работи за заварување, сечење, брусење, лемење метали и други работи со топлина на резервоарот во објектите од НУ ЗЗСК и Музеј Штип за складирање на запаливи течности и во неговите зони на опасност од пожар и експлозија го подготвува изведувачот на работите.

**Член 48**

Стручно мислење за мерките предвидени со Планот за заштита од пожар и експлозија за вршење работи за заварување, сечење, брусење, лемење метали и други работи со топлина на резервоарот во објектите од установата за складирање на запаливи течности и во неговите зони на опасност од пожар и експлозија на барање на органот на управување на установата дава органот во чија надлежност е надзорот на мерката за заштита од пожар и експлозија.

**Член 49**

Во објектите и на просторот од установата каде што е лоциран резервоарот за складирање на запаливи течности и во неговите зони на опасност несмее да има и да се создаваат извори од кои што може да настане пожар и експлозија.

**Член 50**

Во објектите и на просторот од институтот каде што е лоциран резервоарот за складирање на запаливи течности и во неговите зони на опасност од пожар и експлозија ЗАБРАНЕТО Е:

- Пушење, употреба на отворен оган, светилки со пламен и сретства за палење.
- Користење на тела со отворен оган, вжарени и прекумерно загреани површини.
- Складирање на материјали што се склони кон самозапалување.
- Користење на уреди и инсталации од кои што може да настане пожар и експлозија.
- Поставување на електрични инсталации без соодветна заштита за таков вид на објекти и изложеност на механички оштетувања без разлика на напонот.
- Употреба на алат кој што создава искри.
- Движење и престој на неповикани лица.

**Член 51**

Објектите и просторот од установата каде што е лоциран резервоарот за складирање на запалива течност и во неговите зони на опасност од пожар и експлозија во секое време мора да се чисти од запаливи и отпадни материи.

**Член 52**

Отпадните запаливи материи можат да се чуваат само на определени пожарно безбедни места под определени услови и на начин како истите би биле безопасни.

## V.НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ СО ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

**Член 53**

Запознавање (обука и едукација) на вработените во НУ ЗЗСК и Музеј Штип со опасностите од пожар и експлозија, мерките за заштита од пожари и експлозии во зависност од процесот на работа кој што се обавува во објектите од установата се врши:

- При стапување на работникот во работен однос, односно пред распоредување на работникот на работното место и работните задачи.
- При преместување на работникот од едно на друго работно место и работни задачи, ако мерките за заштита од пожар и експлозија битно се разликуваат во однос на претходното работно место.
- Периодично во текот на работењето на работникот, но најмалку еднаш во текот на една календарска година.

**Член 54**

Лицата кои во НУ ЗЗСК и Музеј Штип , работат на складирање и дејства поврзани со складирање на запаливи течности при стапување во работен однос мора да се стручно оспособени за извршивање на такви работи преку соодветни стручни училишта или преку други форми за стучно оспособување (курс, семинар и сл.) и за тоа да поседуваат соодветен документ (сектификат, уверение или потврда) дека се оспособени за ракување со запаливи течности.

**Член 55**

Запознавање и едукација на вработените во НУ ЗЗСК и Музеј Штип , со опасностите од пожар и експлозија и мерките за заштита од пожари и експлозии со кои што се одстрануваат и се намалуваат опасностите од пожари и експлозии, при преместување од едно на друго работно место, како и периодично во текот на работењето се врши од страна на правен субјект кој има соодветно овластување за вршење на таква дејност или државни органи кои вршат едукација преку своите инспекциски служби по претходно доставена покана за едукација.

## VI. НАЧИН НА ОБУЧУВАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ И ПРАКТИЧНА УПОТРЕБА НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕТСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

**Член 56**

Обука и едукација на вработените во НУ ЗЗСК и Музеј Штип за учество во гаснење на пожари и практична употреба на уредите, техничкатата опрема и сретствата за гаснење на пожари се врши:

- При стапување на работникот во работен однос, односно пред распоредување на работникот на работното место и работните задачи.
- Периодично во текот на работењето на работникот, а најмалку еднаш во текот на една календарска година со изведување на показно тактички вежби за практична употреба на уредите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожари со кои што располагаат и се штити објектот од установата.

**Член 57**

Лицата кои во НУ ЗЗСК и Музеј Штип , работат на складирање и дејства поврзани со складирање на запаливи течности при стапување во работен однос мора де се стручно оспособени за практична употреба на уредите, техничката опрема и сретсвата за гаснење на пожар.

**Член 58**

Запознавање и едукација на вработените од установата за учество во гаснење на пожари и практична употреба на уредите, техничкатата опрема и среставата за гаснење на пожар периодично во текот на работењето се врши од страна на правен субјект кој што има соодветно овластување за вршење на таква дејност, или државни органи кои вршат едукација преку своите инспекциски скужби по претходно доставена покана за едукација.

## VII. РАСПОРЕД И ВРЕМЕ НА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕТСТВАТА ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

**Член 59**

Изборот на уредите, инсталациите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожари во објектите од НУ ЗЗСК и Музеј Штип , се врши според техничките прописи и стандарди, според упатствата на производителот, а врз основа на видот и намената на објектот, технолошкиот процес кој што се обавува во истиот, површината на објектот, неговото пожарно оптоварување, видот и класата на пожари кои што можат да настанат во истиот, загрозеноста од пожари и експлозии и др.

**Член 60**

Видот и количеството на уредите, инсталациите, техничката опрема и сретставата за гаснење на пожар и местата каде што задолжително треба да се наоѓаат се определува со инвестиционо техничката документација (Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи) кој што се изработува при изградба на нови објекти, како и при доградба, надградба, реконструкција и пренамена на постојни објекти.

**Член 61**

Видот и количеството на уредите, инсталациите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожари и местата каде што задолжително треба да се наоѓаат можат да се променат , но само на начин и со постапка соред која што се и определени.
Извршените промени на видот и количеството на уредите, инсталациите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожари и местата каде што задолжително треба да се наоѓаат, мора да бидат внесени во инвестиционо техничката документација ( Изведена состојба ) и во Елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

**Член 62**

Местата што се определени за поставување на уредите, инсталациите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожари треба да бидат соодветно обележани.

**Член 63**

Уредите, инсталациите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожари може да се користат само ако за истите е обезбеден сертификат согласно со прописите за стандардизација, акредитација и оцена на сообразност.

**Член 64**

Прегледите и испитувањата на уредите, инсталациите ( електрични, громобрански, нафтоводни, гасоводни и др. ) техничките уреди и сретствата за гаснење на пожари (противпожарни апарати, хидрантска мрежа, системи за автоматско откривање и јавување на пожар, системи за гаснење на пожар ) се врши според законите и техничките прописи и стандарди и според упатствата на производителот само од овластени правни субјекти кои што поседуваат овластување за вршење на таква дејност, а за исправноста на истите се прибавуваат веродостојни пишани документи Атести, Записници или Стручни извештаи.

**Член 65**

Времето на периодичните прегледи и испитувања на уредите, инсталациите (електрични, громобрански, нафтоводни, гасоводни и др.) техничките уреди и сретствата за гаснење на пожари (противпожарни апарати, хидрантска мрежа, системи за автоматско откривање и

јавување на пожар, системи за гаснење на пожар ) се определуваат според законот, според техничките нормативи и стандарди и според упатставта на производителите.

## VIII. ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРУШТВОТО ВО ВРСКА СО ЗАШТИТАТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

Директор на НУ ЗЗСК и Музеј Штип д-р Митко Штерјов

**Член 66**

Директорот на НУ ЗЗСК и Музеј Штип покрај основните должности и одговорности утврдени со описот на работните задачи е должен и одговорен:

- Го донесува Правилникот за заштита од пожари и експлозии и други акти со кои се регулира заштитата од пожари и експлозии.
- Ја разгледува состојбата со заштитата од пожари и експлозии и донесува одлука за превземање на превентивни мерки и одлука за одстранување на опасностите од пожар и експлозија.
- Обезбедува финансиски сретства за унапредување на заштитата од пожари и експлозии и реализација на мерките за заштита од пожари и експлозии.
- За изведување на работи во објектите од установата (поправки, проверки и сл.) да обезбеди да работат правни субјекти кои се овластени за вршење на такви работи.
- Да овозможи непречено вршење на инспекциските работи од обласата на заштитата од пожари и експлозии и на инспекторите да им ги даде потребните податоци и известувања.
- Да организира да се одстранат во определен рок недостатоците од обласата на заштитата од пожари и експлозии утврдени од страна на инспекциските служби.
- Да нареди привремено (до одстранување на опасноста) прекинување на работата во установата ако утврди дека во процесот на работа настанала непосредна потенцијална опасност за настанување на пожар и експлозија.
- Да обезбеди стручно оспособување и едукација на работниците за вршење на работи за складирање на запаливи течности.
- Да овозможи запознавање и едукација на вработените со опасностите од пожари и експлозии и мерките за заштита од пожар и експлозија со кои што се одстрануваат и се намалуваат опасностите од пожар и експлозија
- Да овозможи запознавање и едукација на вработените за учество во гаснење на пожари и практична употреба на уредите, инсталациите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожар.
- Да контролира дали работниците во текот на работењето постапуваат според упатствата за работа и се придржуваат кон потребните мерки за заштита од пожар и експлозија.
- Да ги одстрани од вршење на работни задачи работниците кои при работењето не се придржуваат кон мерките за заштита од пожар и експозија.

Вработените во НУ ЗЗСК и Музеј Штип

**Член 67**

Покрај основните должности и одговорности утврдени со описот на работното место и работните задачи другите работници во НУ ЗЗСК и Музеј Штип , се должни и одговорни:

- Пред распоредување на работните места да се запознаат со одредбите од овај Правилник.
- На работното место и во работниот простор да превземаат, да спроведуваат и да се придржуваат кон мерките за заштита од пожар и експлозија.
- Да се запознаат со процесот на работа на местата кои се распоредени и со мерките за заштита од пожар и експлозија поврзани со истите работни места.
- Да се оспособат за безбедно работење на нивните работни места.
- Со средствата за работа да постапуваат според упатствата на производителот и да ги користат за работа според нивната намена.
- Да ги одржуваат во исправна состојба, опремата и сретствата за работа.
- Во текот на работата да го следат и да го контролираат функционирањето и исправноста на уредите, инсталациите и другите сретства за работа во блиската и пошироката работна околина и секој дефект или неисправност од кој што може да настане пожар и експлозија веднаш да го пријават на својот претпоставен.
- Да се придржуваат кон знаците и натписите со содржини за предупредување и забрана на опасностите од пожар и експлозија.
- Да се грижат пристапот до уредите, инсталациите, техничката опрема и сретствата за гаснење на пожар во секое време да биде слободен, а истите секогаш пристапни за нивна употреба.
- Да ги чуваат и внимателно да се однесуваат кон уредите, инастлациите, техничката опрема и срествата за гаснење на пожар и да се грижат истите постојано да се наоѓаат на нивните определени места.
- Да учествуваат во показно-тактички вежби за практична употреба на уредите, инастлациите, техничката опрема и срествата за гаснење на пожар.
- Да одбијат да работа на работно место ако постои зголемана опасност од појава на пожар и експлозија и ако на работното место нема предвидено соодветни мерки за заштита од пожар и експлозиија.
- При локализација и гаснење на евентуално појавен пожар да постапуваат според наредбите и упатствата на лицето кои раководи со акцијата за локализација и гаснење на пожарот.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 71**

Измени и дополнувања на овај Правилник може да се вршат на начин и со постапка како што е и донесен.

**Член 72**

Овај Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:

Директор
НУ ЗЗСК и Музеј Штип
д-р Митко Штерјов

______________________________